Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**ноември 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ..... 2

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... 3

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 4

Индекси на прометот во индустријата ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 7

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... 11

Извоз ..... 11

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 13

Валутна структура ..... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... 14

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 14

Расходи по буџетски корисници ..... 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... 18

Новоувработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 18

Плати ..... 19

Пензии ..... 19

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... 20

Примарни пари ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 22

Пазар на капитал ..... 23

Девизни резерви ..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## ноември 2025 година

- Во ноември 2025 година, индустриското производство забележа пад од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во ноември 2025 година, изнесува 4,0% на годишно ниво и истата овој месец го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,5% во октомври 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,5%;
- Во периодот јануари - ноември 2025 година, извозот забележа раст од 2,5%, а увозот раст од 3,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7,0% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – ноември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 301.012 милиона денари, што претставува 82,5% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – ноември 2025 година изнесува 332.489 милиони денари, што претставува 81,8% од годишниот план, и бележи зголемување за 8,7% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во ноември 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 12,7% во споредба со ноември 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,0%;
- Просечната исплатена нето-плата во октомври 2025 година достигна 45.943 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 9,0% и реален раст од 4,4%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 107.304 денари.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во ноември 2025 година, индустриското производство забележа пад од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,7%, Преработувачка индустрија за 2,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 8,6%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во ноември 2025 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 42,1% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во ноември 2025 година е забележан раст единствено кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 0,3%, со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај: производството на метали за 15,4%, со придонес од -0,5 п.п., производството на машини и уреди за 9,1%, со придонес од -0,5 п.п. и производството на електрична опрема за 4,0%, со придонес од -0,3 п.п.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во ноември 2025 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 169,2%, со придонес од 1,7 п.п., производство на прехранбени производи за 3,7%, со придонес од 0,4 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 41,4%, со придонес од 0,4 п.п., и производство на кожа за 27,6% со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај гранките: производство на облека за 16,4%, со придонес од -0,9 п.п., производство на пијалаци за 19,1% со придонес од -0,7 п.п., и произвдоство на текстил за 10,5%, со придонес од -0,5 п.п.

Во ноември 2025 година споредено со ноември 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено единствено кај групата Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 7,7%, со придонес од 2,3 п.п.), додека производството е намалено во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 8,7%, придонес од -2,7 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 18,6%, придонес од -0,8 п.п.), Енергија (пад од 8,5%, придонес од -0,7 п.п.) и Капитални производи (пад од 2,1%, придонес од -0,5 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – ноември 2025 година е регистриран единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија (за 12,2%), додека намалување се забележува во групите: Капитални производи (за 2,5%), Енергија (за 6,3%), Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,6%), и Трајни производи за широка потрошувачка (за 4,2%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на тутунски производи
3 - Производство на други неметални минерални производи
4 - Производство на прехранбени производи
5 - Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2025 година)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
2 - Производство на облека
3 - Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
4 - Производство на пијалаци
5 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во ноември 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,9% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,2%, Преработувачка индустрија за 2,9%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,3%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на компјутерски, електронски и оптички производи за 4,6%, производство на машини и уреди за 3,0%, и производство на пијалаци за 2,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка, и тоа за 4,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2025 година бележи пад за 3,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,5%, Преработувачка индустрија за 3,8%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,3%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 10,6%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во ноември 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,6% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,6%, Преработувачка индустрија за 4,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 6,9% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 6,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во ноември 2025 година во споредба со ноември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 6,9%, Интермедијарни производи, освен енергија за 4,2%, Производи за широка потрошувачка за 4,2% и Нетрајни производи за 4,4%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,7%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 12,6% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%.

**Графикон 1.6**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во периодот јануари – ноември 2025 во споредба со јануари – ноември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 11,8%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,2% и Нетрајни производи за 5,5%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во ноември 2025 година во однос на ноември 2024 година бележи пад од 0,7%. Падот се должи на намалениот промет во секторите: Рударство и вадење камен за 1,7% и Преработувачка индустрија за 0,6%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во ноември 2025 година во споредба со ноември 2024 година, прометот во индустријата се намали во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 5,6% и Трајни производи за широка потрошувачка за 9,1%, додека прометот се зголеми во групите: Капитални производи за 1,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,2%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустријата во ноември 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 81,2%);

- Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (раст од 34,2%) и
- Производство на производи од гума и производи од пластични маси (раст од 12,1%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи раст од 5,2%, што се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 5,4%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен се намали за 0,1%.

Во периодот јануари - ноември 2025 година во споредба со периодот јануари – ноември 2024 година прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 2,8%, Капитални производи за 8,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,3%, додека прометот во групата Трајни производи за широка потрошувачка забележа пад од 2,0%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2025 година, споредено со претходниот месец се забележува намалување кај одобренијата за градење (446 одобренија за градење во октомври 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 304 што претставува пад од 16,9% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот пад се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за нискоградба за 42,4,% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 11,2%), додека кај бројот на издадени одобренија за високоградба се забележува зголемување за 34,2% и објектите за реконструкција за 34,8%. Висок раст се забележува и кај инвеститорите физички лица и кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред се во Полошкиот регион, Вардарскиот и Југозападниот регион.

Споредено со октомври 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 31,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2025 година е повисока за 27,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 49,0%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(ноември 2025)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



градење, 208 (или 68,4%) се наменети за објекти од високоградба, 34 (или 11,2%) за објекти од нискоградба и 62 (или 20,4%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 304 издадени одобренија за градење, на 162 објекти (или 53,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 142 објекти (или 46,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во ноември 2025 година предвидена е изградба на 761 стан со вкупна корисна површина од 67.767м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 35,3% на месечно ниво, а зголемен за 40,4% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

Вкупната вредност на извршените градежни работи во октомври 2025 година изнесува 4.885 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 34,9%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 30,3%, кај виокоградбата за 9,0% и кај специјализираните градежни работи за 449,6%. Споредено со септември 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 12,9%, и тоа кај нискоградбата за 2,8%, кај високоградбата за 39,3% и кај специјализираните градежни работи за 38,0%. Кумулативно, во периодот јануари – октомври 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 37.742 милиона денари, што е за 20,0% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - октомври 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 21.424 милиони денари, односно за 24,2% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај специјализираните градежни работи се зголеми за 146,2% и изнесува 2.274 милиони денари, а кај високоградбата вредноста на извршените работи изнесува 9.043 милиони денари, односно за 0,9% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - октомври 2025 година се зголеми за 20,1%, при раст кај нискоградбата (24,4%) и кај специјализираните градежни работи (146,5%), а пад кај високоградбата (0,8%).



**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)

## Промет во секторот трговија

Во ноември 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 2,6%, по растот од 3,5% во октомври 2025 година. Вредноста на прометот во ноември 2025 година изнесува 70.592 милиона денари, додека кумулативно, во периодот јануари - ноември 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 743.647 милиони денари, што е за 2,2% повеќе во однос на истиот период минатата година.

Кумулативно, во периодот јануари-ноември 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 303.387 милиони денари, што е за 4,8% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 45.539 милиони денари, односно за 4,1% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесува 394.721 милион денари, односно е за 0,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во ноември 2025 година, трговијата на мало бележи раст од 2,3%, по растот од 3,0% во октомври 2025 година, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува и кај групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 6,5% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 1,5%, додека намалување бележи единствено групата трговија на мало со автомобилски горива за 5,7%.

Во ноември 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (51,3%), а потоа следуваат Трговија на мало (41,6%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,1%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во ноември 2025 година изнесува 4,0% на годишно ниво и истата овој месец го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,5% во октомври 2025 година). Инфлацијата овој месец во голем дел произлегува од базичната компонента, која бележи умерено забрзување, додека прехранбената компонента регистрира забавување.

Просечната инфлација во периодот јануари - ноември 2025 година изнесува 4,1%.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во ноември 2025 година регистрираше умерено забрзување споредено со претходниот месец и изнесува 4,4% на годишна основа (4,1% во октомври).

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, овој месец се зголемија за 5,4% и истите забележуваат позначително забавување на растот во споредба со претходниот месец (7,0% во октомври[1]), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во ноември изнесува 2,2 п.п. и истиот е намален за 0,6 п.п. во споредба со претходниот месец.

[1] Растот на цените на храната претходниот месец меѓу другото беше и резултат на пониската споредбена основа бидејќи минатата година Владата на 20 септември 2024 година ја ограничи бруто профитната маржа за 10 отсто на 73 производи. Во таканаречената „есенска кошничка“ влегоа леб, пекарски и млечни производи, млеко, месо и преработки од месо, дел од конзервните производи, овошје, зеленчук, ориз, грав, тестенини. Мерката беше на сила до 31 октомври.

Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо (годишен раст од 7,1% и придонес од 0,6 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 27,4% и придонес од 0,4 п.п.), овошје (годишен раст од 17,9% и придонес од 0,3 п.п ), леб и житарици (годишен раст од 3,9% и придонес од 0,3 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 4,5% и придонес од 0,3 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната овој месец имаше зеленчукот од 0,3 п.п. и тој се намали за 5,3% на годишно ниво.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст имаа цените во категоријата Рекреација и култура од 7,2%. Раст на цените е регистриран и кај следните категории: Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 5,5%, Храна и безлкохолни пијалци од 5,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[2] од 5,3%, Ресторани и хотели од 4,6%, Разновидни стоки и услуги од 3,2%, Облека и обувки од 2,7%, Здравствена заштита од 2,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,8%, Комуникации од 1,8% и Транспорт за 1,1%. Цените се намалија во категоријата Образование за 0,3%.

Во ноември потрошувачките цени се зголемија за 0,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,2%), што е резултат на растот во повеќе категории, од кои најголем придонес има растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци.

Раст на цените е регистриран во категориите: Транспорт од 1,7%, Рекреација и култура од 0,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5%, Ресторани и хотели и Здравствена заштита од по 0,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,2%, Облека и обувки и Комуникации од по 0,1%. Цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Образование и Разновидни стоки и услуги останаа непроменети.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во ноември 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми на 2,2%[2] од 2,1% колку што изнесуваше во октомври.

Согласно проекциите на ЕЦБ, се очекува стапката на инфлација да изнесува 2,1% во 2025 година и 1,7% во 2026 година, пред благо да се зголеми на 1,9% во 2027 година. Проектирано е инфлацијата да остане блиску до 2% во остатокот од 2025 година, а потоа ќе се движи под 2% и ќе остане под тој праг во текот на целата 2026 година. Очекувањата за пониска стапка на инфлација во 2026 година ја одразува пониската базична инфлација, особено кај услугите и пониската инфлација на храната, придружени со благо негативна инфлација кај енергијата. Зголемувањето

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[2] Податокот е проценка на Евростат

на инфлацијата на 1,9% во 2027 година се однесува на привремено нагорно придвижување на цената на енергијата, како резултат на мерки поврзани со енергетската транзиција.

## Берзански цени

Во ноември 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 1,6% на месечно ниво и изнесува 63,6 долари за барел. Намалувањето се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција, односно смирувањето на тензиите на Блискиот Исток т.е конфликтот меѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 14,5%.

Во ноември 2025 година, цената на природниот гас[3] се зголеми за 5,1% на месечно ниво. Во ноември, цените на гасот во Европа пораснаа поради зголемената сезонска побарувачка, намаленото производство од обновливи извори, повисоките трошоци за гас и продолжените ризици во снабдувањето и побавното намалување на енергетските цени. Во ноември 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 2,7% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија во ноември 2025 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 124,35 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 2%. Во ноември цената на електричната енергија се намали за 24% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во ноември 2025 година, цените на повеќето основните метали на месечно ниво регистрираа зголемување, и тоа: калај за 2,6%, олово за 1,6%, алуминиум за 0,9%, цинк за 0,8% и бакар за 0,7%. На месечно ниво цената на никелот се намали за 2,8%, а цената на железната руда регистрираше пад од 1,0%.

На месечна основа, во ноември 2025 година цената на златото се зголеми за 0,7%. Цената на среброто го следеше нагорниот тренд на месечно ниво и се зголеми за 2,0%, додека цената на платината се намали за 3,1%.

Во ноември цената на пченката и пченицата се зголеми на месечна основа за 2,0% и 7,6%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се намали за 0,2% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 |
|---|---|---|---|

[3]Natural gas index (2010=100)

| | (EUR/MWh) | | m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |
| XI | 124,4 | 63,6 | 368,7 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2025 година изнесува 17.905,5 милиони евра и бележи раст од 3,2% во однос на истиот период од минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

Во периодот јануари - ноември 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,4 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2025 година изнесува 20,9% и тоа е намалено за 2,2 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2025 година изнесува 7.395,6 милиони евра и бележи раст од 2,5% (179,1 милион евра) во однос на истиот период од 2024

година, а физичкиот обем на извозот е намален за 3,0% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2025 година изнесува 689,9 милиони евра и бележи раст од 5,7% (37,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 6,7% споредено со ноември 2024 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2025 година извозот бележи пад од 5,1% (37,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 1,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во периодот јануари - ноември 2025 година е зголемена за 18,7 милиони евра, што претставува раст од 3,7% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 13,2%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите единаесет месеци од 2025 година изнесува 7,1% и тоа е зголемено за 0,1 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (46,1%), жита и преработки од жита (21,7%), млечни производи и јајца (8,7%) и месо и преработки од месо (7,4%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите единаесет месеци од 2025 година изнесува 10.509,9 милиони евра и бележи раст од 3,8% (382,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 4,2%.

Вредноста на увозот во ноември 2025 година изнесува 945,0 милиони евра и бележи раст од 0,8% (7,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се намалени за 1,5% споредено со ноември 2024 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Анализирано на месечно ниво, во ноември 2025 година увозот бележи пад од 11,4% (122,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен пад од 5,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,2 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во периодот јануари - ноември 2025 година е зголемена за 61,4 милиони евра, што претставува раст од 6,3% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,5%. Во првите единаесет месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,8% и е зголемено за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,8%), овошје и зеленчук (15,5%), жита и преработки од жита (13,4%), кафе, чај, какао и зачини (12,2%) и млечни производи и јајца (10,7%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 107.2 | 76.5 | -30.7 | -28.6 |
| Мил. ЕУР | 75.7 | 52.9 | -22.8 | -30.1 |
| Мил.$ | 82.1 | 59.7 | -22.4 | -27.3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,078.0 | 1,056.5 | -21.5 | -2.0 |
| Мил. ЕУР | 745.1 | 653.8 | -91.3 | -12.2 |
| Мил.$ | 808.7 | 736.8 | -71.9 | -8.9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 61.6 | 67.1 | 5.4 | 8.8 |
| Мил. ЕУР | 1,701.3 | 1,524.3 | -177.0 | -10.4 |
| Мил.$ | 1,846.4 | 1,716.0 | -130.4 | -7.1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 29.3 | 31.6 | 2.3 | 7.8 |
| Мил. ЕУР | 160.4 | 162.4 | 2.0 | 1.2 |
| Мил.$ | 174.0 | 182.7 | 8.7 | 5.0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 616.7 | 615.3 | -1.4 | -0.2 |
| Мил. ЕУР | 473.5 | 462.0 | -11.4 | -2.4 |
| Мил.$ | 514.0 | 518.1 | 4.0 | 0.8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2024 | I-XI-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 633.7 | 769.0 | 135.3 | 21.4 |
| Мил. ЕУР | 435.5 | 471.9 | 36.4 | 8.3 |
| Мил.$ | 472.7 | 530.5 | 57.8 | 12.2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во ноември 2025 година, трговскиот дефицит се намали за 10,3% односно 29,4 милиони евра споредено со ноември 2024 година.

Во периодот јануари - ноември 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,0% односно 203,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци и горива и мазива. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во првите единаесет месеци од 2025 година, 93,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,6% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,1 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,3% и 88,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,2 п.п, додека кај увозот е намалена за 1,0 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2024 | | | | | I - XI - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 5,502.9 | 9,094,371,441 | 61.5353 | 559,624,874,964 | 89.8 | 5,596.7 | 9,332,348,136 | 61.5924 | 574,801,719,303 | 88.8 | 237,976,694 | 2.62 |
| УСД | 556.2 | 1,023,932,828 | 56.7049 | 58,062,008,617 | 9.3 | 716.3 | 1,223,667,220 | 54.8236 | 67,085,842,216 | 10.4 | 199,734,392 | 19.5 |
| ГБП | 2.4 | 21,301,302 | 72.5448 | 1,545,298,690 | 0.2 | 2.0 | 19,868,994 | 72.0542 | 1,431,644,498 | 0.2 | -1,432,308 | -6.7 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 6,061.5 | | | 619,232,182,271 | 99.1 | 6,314.9 | | | 643,319,206,017 | 99.4 | | |
| вк извоз: | 6,080.5 | | | 623,193,184,779 | 100.0 | 6,336.4 | | | 647,342,248,086 | 100.0 | | 3.9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – ноември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 301.012 милиона денари, што претставува 82,5% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 275.983 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 86,5% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 7,5% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 171.581 милион денари (реализација од 86,4% од планираниот износ за 2025 година и раст од 7,0%), додека придонесите се реализирани во износ од 102.960 милиони денари (годишен раст од 8,6%, односно 87,9% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 8,0%, данок на добивка за 8,7%, данок на додадена вредност за 5,4%, акцизи за 6,4% и увозни давачки за 14,2%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 1,1%. Во овој

период, неданочните приходи бележат зголемување од 14,9%, капиталните приходи се зголемени за 30,6% и приходите по основ на странски донации за 86,3%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – ноември 2025 година изнесува 332.489 милиони денари, што претставува 81,8% од годишниот план, и бележи зголемување за 8,7% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 308.465 милиони денари или 85,2% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 8,4% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,2%, кај расходите за стоки и услуги за 1,3%, и каматните расходи кои се зголемени за 12,6%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 8,4%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,1%, расходите за здравствена заштита за 7,5% и блок и наменските дотации за 8,1%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 16,5%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 24.024 милиони денари (54,5% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – ноември 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | Реалокација | јануари-ноември 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација (во %) |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **364.877** | **301.012** | **8,8%** | **82,5%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **319.196** | **275.983** | **7,5%** | **86,5%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 198.607 | 171.581 | **7,0%** | **86,4%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 35.676 | 29.637 | **8,0%** | **83,1%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 23.287 | 20.153 | **8,7%** | **86,5%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 86.692 | 78.941 | **5,4%** | **91,1%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 35.388 | 28.540 | **6,4%** | **80,6%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 16.255 | 13.425 | **14,2%** | **82,6%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 1.309 | 885 | **-1,1%** | **67,6%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 117.096 | 102.960 | **8,6%** | **87,9%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **31.108** | **17.717** | **14,9%** | **57,0%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **2.830** | **2.182** | **30,6%** | **77,1%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **11.743** | **5.130** | **86,3%** | **43,7%** |
| | | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **406.228** | **332.489** | **8,7%** | **81,8%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **362.172** | **308.465** | **8,4%** | **85,2%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 49.175 | 43.472 | **10,2%** | **88,4%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 27.599 | 20.018 | **1,3%** | **72,5%** |
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 265.441 | 225.786 | **8,4%** | **85,1%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 197.796 | 172.723 | **12,1%** | **87,3%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 125.515 | 111.826 | **16,6%** | **89,1%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 3.434 | 1.906 | **-18,7%** | **55,5%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 14.831 | 13.608 | **0,7%** | **91,8%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 54.016 | 45.383 | **7,5%** | **84,0%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 64.059 | 50.797 | **-2,8%** | **79,3%** |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 19.957 | 19.189 | **12,6%** | **96,2%** |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **44.056** | **24.024** | / | **54,5%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-41.350** | **-31.477** | **7,1%** | **76,1%** |

Извор: Министерство за финансии
*Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.



**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-ноември 2025 година
Извор: Министерство за финансии



**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-ноември 2025 година
Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – ноември 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 31.477 милиони денари, што претставува 3,0% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 76,1% од годишниот план.



**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – ноември 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 70.141 милион денари или 92,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,0%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 50.484 милиони денари или 94,4%

од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 19,1% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 91,2% (13.380 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 38.180 милиони денари, што е 84,8% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 21.961 милион денари или 89,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,2%, за што се потрошени 8.868 милиони денари, односно 89,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – ноември 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 14.128 милиони денари, што претставува 85,4% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,9%, за што се потрошени 9.731 милион денари или 89,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,6%. За таа намена беа реализирани 2.211 милиони денари или 80,8% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.308 милиони денари што претставува 78,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,6% во вкупните расходи, реализирани се 79,7% од планираните средства за цела година, односно 5.779 милиони денари.

Во периодот јануари – ноември 2025 година, Министерството за одбрана реализира 15.333 милиони денари, што е 75,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,3%, па за таа намена реализацијата изнесува 5.714 милиони денари (88,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 30,4% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.655 милиони денари, односно 61,0% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – ноември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.799 милиони денари, односно 62,1% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 45,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.268 милиони денари (50,9% од предвидените средства).

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-ноември 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 6.602 милиона денари или 77,7% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 53,0%, за што се потрошени 3.500 милиони денари или 85,9% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.773 милиони денари (75,9% од планираното за годината) и учество од 42,0% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – ноември 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 10.690 милиони денари, што е 63,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 91,3% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (9.762 милиона денари или 62,9% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.513 милиони денари, што претставува 77,3% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (736 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 48,6%, а притоа се реализирани 85,2% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 28,7% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 434 милиона денари или 77,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во ноември 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 177.212 новозасновани работни односи[4]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 1,5%.

Од вкупниот број нововработени, 43,7% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во ноември 2025 година, 14,2% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во ноември 2025 година изнесува 134.338, од кои 91.434 лица се активни баратели на работа, а 42.904 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на октомври 2025 година, бројот на невработени е намален за 3.566 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,0%) е градско население, а според половата структура 47,5% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,2% е со непотполно средно образование или помалку, 24,6% со завршено средно образование, а 7,3% со вишо или повисоко ниво на образование.

[4] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, октомври 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 14,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во октомври 2025 година изнесувала 45.943 денари и остварила годишен раст од 9,0%, а во однос на септември 2025 година таа е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на октомври 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (13,3%), Административни и помошни услужни дејности (13,2%) и Дејности во врска со недвижен имот (10,9%). Во октомври 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 4,4%. Највисока просечна нето-плата во октомври 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (85.894 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (107.304 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.531 денар, секторот Рударство и вадење камен со 57.861 денар и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.221 денар.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2025 година изнесувала 69.089 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 9,0%, а на месечна основа таа е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во октомври 2025 година во однос на октомври 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (13,5%), Административни и помошни услужни дејности (13,3%) и Дејности во врска со недвижен имот (10,9%).

## Пензии

Во ноември 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 346.202 пензионера. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во наредните неколку месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за

дополнителни 2.000 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,8% се корисници на старосна пензија или 248.730 пензионери, 21,2% на семејна пензија или 73.444 пензионери и 6,9% на инвалидска пензија, односно 24.028 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во ноември 2025 година изнесува 27.117 денари, што покажува дека таа е повисока за 14,1% во однос на истиот месец од 2024 година[5]. Просечната старосна пензија во ноември 2025 година изнесува 28.718 денари, просечната инвалидска пензија 24.658 денари, а просечната семејна пензија 22.500 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 9.290 милиони денари, што претставува 55,7% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во ноември 2025 година со просечната исплатена плата во октомври 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,0%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за ноември 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| старосни | 248.730 | 71,8% | 28.718,00 |
| инвалидски | 24.028 | 6,9% | 24.658,00 |
| семејни | 73.444 | 21,2% | 22.500,00 |
| Вкупно | 346.202 | 100,0% | 27.117,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 29 | | 16.952,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 678 | | 35.489,00 |
| **Вкупно** | 346.909 | | 27.133,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во ноември 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, кое е непроменето од февруари 2025 година. Оваа одлука е во согласност со претпазливиот пристап во водењето на монетарната политика, притоа имајќи ги предвид економските услови, зголемените надворешни ризици и домашните неизвесности.

Во ноември 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и на расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари



Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (ноември 2025 година)
Извор: НБРСМ.

Во ноември 2025 година, примарните пари[6] се зголемија за 6,5% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 14,4%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,6%.

Во ноември 2025 година, примарните пари се зголемија за 17,1% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 21,7% и 12,6%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[7]



Графикон 5.2: Депозити и кредити (*стапки на раст во %*)
Извор: НБРСМ.

Во ноември 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемија за 0,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во ноември 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 0,2% и 0,4%, соодветно.

Во ноември 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 15,4%, а депозитите во странска валута за 5,0%.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 9,3%, а депозитите на домаќинствата раст од 12,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***633.266*** | ***0,3%*** | ***11,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *383.509* | *0,2%* | *15,4%* |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *249.757* | *0,4%* | *5,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *233.546* | *0,4%* | *8,8%* |
| *Долгорочни* | *158.298* | *0,6%* | *8,5%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***542.494*** | ***1,3%*** | ***12,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *351.078* | *1,6%* | *19,0%* |
| *Странска валута* | *191.417* | *0,8%* | *2,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *79.387* | *2,2%* | *14,2%* |
| *Долгорочни* | *448.418* | *1,2%* | *13,5%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 8,8%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 8,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,6%.

## Кредити на банките

Во ноември 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,3% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 1,5% и на кредитирањето на домаќинствата за 1,1%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,6% и 0,8%, соодветно.

На годишна основа, во ноември 2025 година вкупните кредити се зголемија за 12,7%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,5% и 11,1%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 13,5%, а краткорочните кредити од 14,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,80%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,19%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,01 п.п. и изнесува 4,17%.




Во ноември 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,18%. Каматните стапки на

денарските депозити за намали за 0,01 п.п. и изнесува 2,70%, а каматната стапка на девизни депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 1,64%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,76%, а на новоодобрените девизни кредити 3,72%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,54% и 1,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во ноември 2025 година се намали за 68,4% на месечно ниво, како резултат на падот од прометот од блок трансакциите за 88,9% додека прометот од класичното тргување се зголеми за 11,4%.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2025 година изнесува 535 милиони денари, што претставува пад од 79% на годишно ниво.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На крајот на ноември 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.194,40 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 11,9%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на ноември 2025 година е 4.862,21 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 0,4%, а во однос на ноември 2024 година девизните резерви се намалени за 1,2%.